ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

НИКОЛА КАРЕВ

ПРОБИШТИП

# Предлог Програма за работа и развој за 2023 год.

email - **jkp.nikolakarev@gmail.com**

web - **jkpnikolakarev.com**

Декември 2022 год.

# ОСНОВНИ ОДРЕДБИ, ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И ДЕЈНОСТИ

Јавното комунално претпријатие Никола Карев од Пробиштип е основано од Совет на Општина Пробиштип заради вршење на дејност од комуналната област која е од јавен интерес.

Јавното претпријатие во рамките на својот делокруг на работење ќе ги врши следниве дејности:

- Собирање, обработка и снабдување со вода.
- Поставување на инсталации за водовод, канализација и други инсталатерски работи.
- Отстранување на одпадни води.
- Собирање, обработка и отстранување на безопасен отпад и останати услуги за управување со отпад.
- Управување со недвижен имот со хонорар или врз база на договор.
- Погребални и слични дејности(Управител на гробишта).
- Пазари.
- Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина.

Внатрешната организациона поставеност на јавното претпријатие се организира во: два (2) Сектори и десет(10) Одделенија и тоа:

1. **Сектор за технички работи** со
   – одделение за водоснабдителни објекти.
   – одделение за корисници и одржување база на корисници.
   – одделение за одржување водовод и канализација.
   – одделение за планирање, инвестиции и развој.
   – одделение за собирање, транспорт и депонирање на отпад.
   – одделение за јавна хигиена, паркови и зеленило.
2. **Сектор за општи и заеднички работи** со
   – одделение за финансии, сметководство и наплата.
   – одделение за јавни набавки.
   – одделение управување со човечки ресурси.
   – одделение за општи, правни работи и застапување.

1. СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ

## 1.1 Одделение за водоснабдителни објекти

- **Редовни тековни работи:**
  - Организација и управување со работата на пречистителната станица за вода за пиење, ПС Шилек-Добрево, ПС Ратавица, ПС Злетово.
- **Планирани работи за 2023 год.**



- Сирова вода
  - -ЈП ХС Злетовица ... 1 650 000 $m^3$
  - - Силком – Кратово (Лесново и Кундино) = 350 000 ден.
- Хемикалии и реагенси = 1 300 000 ден.
- Хемиско бактериолошка анализа на водата и HACCP
  - Неделни проби и два пати годишно голема анализа на водата
  - Дезинсекција дезинфекција и дератизација
  - Санитарни прегледи на вработените
- Редовно годишно сервисирање на опремата = 2 000 000 ден.
  - Сервисирање на опремата
  - Резервни делови
  - Електроди
  - Калибрација на турбидимери
- Доопременување на лабараторијата на ФС = 60 000 ден.
- Санација на градскиот резервоар за вода за пиење од 1500 $m^3$.
- Перење и хиперхлорирање на градскиот резервоар за вода за пиење како и дел од резервоарите со кои стопанисуваме (Злетово, Неокази, Кундино,Древено).
- Автоматизација на препумпна станица за с.Древено ... 300 000 ден.
- Хортикултурно уредување на дворното место на филтер станицата и ПС Добрево. ... 30 000 ден.

Поради можноста од подолготајни прекини во водоснабдувањето се изготвува овој План со потребните количини на вода за водоснабдување во градот Пробиштип и околните населени места .

**Табела за сезонска потрошувачка на вода:**

| | | |
|---|---|---|
| Ноември<br>Декември<br>Јануари<br>Февруари<br>Март<br>Април | 88 374 $м^3$/месечно | 2 929 $м^3$/дневно |

| | | |
|---|---|---|
| Мај<br>Јуни<br>Јули<br>Август<br>Септември<br>Октомври | 108 481 $м^3$/месечно | 3 537 $м^3$/дневно |

**Потрошувачката на вода за пиење по месеци изнесува:**

| **Ред.број** | **Месец** | **$м^3$** |
|---|---|---|
| 1 | Јануари | 96 735 |
| 2 | Февруари | 87 346 |
| 3 | Март | 86 981 |
| 4 | Април | 83 115 |
| 5 | Мај | 107 290 |
| 6 | Јуни | 110 867 |
| 7 | Јули | 128 368 |
| 8 | Август | 108 520 |
| 9 | Септември | 107 257 |
| 10 | Октомври | 94 582 |
| 11 | Ноември | 87 629 |
| 12 | Декември | 88 437 |

Водоснабдувањето ќе се врши по приоритетен распоред и тоа:

-здравствени установи;

-детски установи (градинки,детски центри и др.)

-училишта (со интернат и кујна),

-индустриски капацитети и сл.

Снабдувањето со вода за пиење на жителите на град Пробиштип ќе се врши по пунктови и тоа:

-градски плоштад;

-ул.,,Јаким Стојковски“(Кружен тек);
-ул.,,11 Октомври“;
-ул.,,Јаким Крчовски“;
-ул.,,Х.Т.Карпош“;
-ул.,,Тодор Александров“(спој со ул.Никола Карев,спој со ул.Ацо Скопјанче“ и спој со ул.Ѓорче Петров“)
-ул.,,Нада Михајлова“;(спој со ул 28 Август и кај зграда ,,удовица“);
-ул.,,3-ти Април“(спој со ул.Плавица);
-ул.,,Кочо Рацин“(спој со ул.Јане Сандански);
-ул.,,Илинденска“;
-ул.,,Партизанска“;
-ул.,,Јордан Стојанов“;
-ул.,,Мак.револуционери“(игралиште);
-ул.,,Миро Барага“(зграда);
-ул.,,Даме Груев“(три чепа);
-Злетово (плоштад и пошта);
-селски населби;

Вода за пиење ќе биде обезбедена со цистерни од околните градови (Штип,Кочани и Кратово).

Техничка вода ќе биде обезбедена со цистерни за техничка вода од сопствени извори во градот и по потреба од околните градови (Штип,Кочани и Кратово);

## 1.2 Одделение за корисници и одржување база на корисници




- **Редовни тековни работи:**
  - Отчитување на состојбите на потрошена вода во целиот водоснабдителен систем и ажурирање на базата на корисници.
  - Припрема и печатење на сметки за сите комунални услуги;
  - Изготвување на решенија за приклучок и одговарање на барања за местоположба на постоечка комунална инфраструктура;

- Барања за хидротехнички услови, барања за градежна дозвола доставени преку е-информационен систем и вцртување на комуналната инфраструктура;
- Одржување и ажурирање на web на претпријатието jkpnikolakarev.com.mk.

- **Планирани работи за 2023 год.**

- Надградба и активно користење на програмските пакети за материјалното и финансиското работење, работните налози и модул за пазари.
- Во 2023 год. е планирано е  и изведба на Мониторинг (SCADA)на водоводниот систем на град Пробиштип и регулација и анализа на притисокот на мрежата.

| Населени места | Број на жители | Корисници | Планирана потрошувачка на вода за 2023 год. |
|---|---|---|---|
| **Пробиштип** | 10 927 | 2 686 | 420 000 м $^3$ |
| **Злетово** | 2 477 | 682 | 100 000 м$^3$ |
| **Добрево** | 340 | 88 | |
| **Древено** | 213 | 87 | |
| **Стрмош** | 294 | 86 | |
| **Ратавица** | 267 | 86 | |
| **Плешанци** | 168 | 62 | |
| **Лесново** | 41 | 52 | |
| **Неокази** | 95 | 44 | |
| **Д.Стубол** | 167 | 44 | |
| **Петршино** | 60 | 25 | |
| **Драч** | 35 | 12 | |
| **Марчино** | 15 | 5 | |
| **Леговец и Глобица** | | 39 | |
| **Кундино** | 81 | 21 | |
| **Трипатанци** | 126 | 40 | |
| **Бучиште** | 20 | 11 | |
| **Останати** | | | Вкупно 50 000 м$^3$ |
| **Вкупно** | 15 326 | 4 070 | 570 000 м$^3$ |

-

Табеларен приказ за дистрибуција на вода за правни лица

| Правни субјекти | Планирана потрошувачка на вода за 2023 год. |
|---|---|
| **Пробиштип** | 320 000 м³ |
| **Злетово** | 8 000 м³ |
| **Вкупно** | 328 000 м³ |

Табеларен приказ за количини за одведени урбани води за физички и правни лица за 2023 год.

| Физички лица | Планирана количина на одведени урбани води за 2023 год. |
|---|---|
| **Пробиштип** | 420 000 м³ |
| **Злетово** | 95 000 м³ |
| **Вкупно** | 515 000 м³ |

| Правни субјекти | Планирана количина на одведени урбани води за 2023 год. |
|---|---|
| **Пробиштип** | 175 000 м³ |
| **Злетово** | 7 000 м³ |
| **Вкупно** | 182 000 м³ |

## 1.3.Одделение за одржување водовод и канализација

Одржувањето на водовод и канализација е тековно и превентивно:

➢ **Тековно одржување:**

- Дефекти на потисни-транзитни цевководи (Добрево, Плешанци, Древено,Кундино,Стрмош...) ... бр. 20-35 = 250 000 ден.
- Дефекти на главна водоводна мрежа во град Пробиштип ... бр. 20-45 = 500 000 ден.
- Дефекти на секундарна водоводна мрежа град Пробиштип ...бр.140-160 = 350 000 ден.
- Дефекти во водоводната мрежа Злетово ...бр.30-50 = 60 000 ден.
- Одржување и санирање на дефекти на канализационата мрежа ...200-300 интервии =150 000 ден.



- **Планирани активности за 2023 год.**

- Промена на делови од водоводната мрежа и канализационата мрежа на места каде имаме чести дефекти–осврт на ливено железните цевки.
- Планирана е промена на 200 метри на транзитниот цевковод за с. Кундино и промена на делот од потисниот цевковод за с. Древено каде што имавме чести дефекти.
- Проверка на функционалноста на линиските вентили и промена на дефектните ... 300 000 ден.
- Планирано е поврзување на с.Трипатанци со водоводниот систем од Злетово.
- Сезонско чистење на проблематични канализации со специјализирано возило за чистење на канализациони водови
- Промена на оштетени капаци на каналзизациони шахти. ... бр.30 ... 60 000 ден.
- Набавка на апарат со $CO_2$ заварување. ... 150 000 ден.

## 1.4 Одделение за планирање, инвестиции и развој

- **Градски гробишта**



Со одлука на Совет на Општина Пробиштип за Управител на гробишта во Општина Пробиштип се определевува ЈКП Никола Карев-Пробиштип и ќе управува со гробиштата: Градски гробишта-Пробиштип КП бр.1700/1, с.Пробиштип КП бр.39, с.Злетово КП бр.922, с.Калниште КП бр.1210.

Управувањето со гробиштата во с.Пробиштип, и с.Калниште сеуште не е спроведено поради тоа што месните заедници не ни ги имат преотстапено.

- Проширување на градски гробишта-обезбедување на нова парцела за закопи наше барање бр.03-500/1 од 19.07.2022 год
- Поплочување на патеките во градските гробишта.
- Одржување на гробишта во Злетово.

- Поставување на нова урбана ограда по ул.Димитар Влахов со висина 1.5м. во должина од 150 м. ... 300 000 ден.
- Проширување на градски гробишта-обезбедување на нова парцела за закопи- градски гробишта во Пробиштип и Злетово согласно урбанистичкиот план на Општина Пробиштип и по наше барање бр.03-712/1 од 04.10.2016 год.
- Пробивање и тампонирање на нова пристапна стаза со широчина од 3 метри со пристапни пешачки стази. ... 60 000 ден.
- Одржување на гробишта Злетово.

- **Планирање инвестиции и развој**

**а) Водовод**

- Планирани приклучоци на комунална инфраструктура (водовод и канализација). ... бр.35 = 250 000 ден.
- Доградба и реконструкција на дел од водоводите по месните заедници во Пробиштип финансирано од о. Пробиштип. ... 150 000 ден.

**б) Канализација**

- Доизградба и санација на канализација по месни заедници-Пробиштип-финансирано од општина Пробиштип. ... 800 000 ден.
- Изградба на канализација на ул. Илинденска Ф315 мм. и L= 130 м. ... 670 000 ден.
- Изградба на атмосферска канализација на дел од улица Плавица со должина од 140м. ... 850 00 ден.
- Изградба на линија за атмосферска вода на улица Илинденска со должина од 75м. ... 480 000 ден.

## 1.5 Одделение за собирање, транспорт и депонирање на отпад

- **Собирање и депонирање на отпад**

Дејноста опфаќа: собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад од домакинствата, индустриски неопасен отпад од стопанството како и чистење на јавни прометни и сообраќајни површини : улици, тротоари, паркинзи,плоштади и др.

Својата дејност како дејност од јавен интерес претпијатието ја извршува соглано годишната програма од Совет на Општина Пробиштип и целата динамика и распореди се прилагодени на инфраструктурните предпоставки на градот Пробиштип, потребите на корисниците на услуги,концентрација на населението, фрекфенцијата на движењето и сообраќајот, , но и материјално –техничките и кадровските потенцијали на ЈКП Никола Карев – Пробиштип од друга страна.



ЈКП Никола Карев располага со следниве возила за изнесување на комунален отпад: три возила за смет **IVECO** (22м³,10м³, 4м³), **DAF**( 8м³), **Mitsubishi** (5м³) и три трактори.

Комуналниот отпад од домаќинствата се собира од контенери од 1.1 м³ и од канти од 120 литри.

ЈКП Никола Карев ќе одржува и стопанисува со две компостари за селектирање на органски отпад и производство на компост.

Планирано е во 2023 год. во летниот период да се продолжи со ноќно изнесување на смет, како и изнесување на смет во селата Плешанци, Д.Стубол, Пишица, Т.Рудари и Лесново.

## Распоред за собирање на смет камион **ИВЕКО 4,4 m$^3$**

**ПОНЕДЕЛНИК**

| | |
|---|---|
| 1. | Улици во Злетово |

**ВТОРНИК**

| | |
|---|---|
| 1. | Секундарен плоштад контејнери |
| 2. | Контејнери COOL |
| 3. | Контејнери кај полиција |
| 4. | Хидросистем Злетовица |
| 5. | Контејнери во село Пробиштип - дел |
| 6. | Контејенри во селото и Градските гробишта (внатре и надвор) |
| 7. | Контејенри и канти во старо калниште |
| 8. | Градинки (горна и долна) |
| 9. | Конфекција Линеа и Црн Врв |

**СРЕДА**

| | |
|---|---|
| 1. | Контејнери СЕКУНДАРЕН ПЛОШТАД |
| 2. | Контејнери кај **COOL** |
| 3. | Контејнери во село Пробиштип - дел |
| 4. | Градинка (горна и долна) |
| 5. | Злетово |

**ЧЕТВРТОК**

| | |
|---|---|
| 1. | с..Добрево, с.Древено, с.Лесново, Злетово и с.Стрмош |

**ПЕТОК**

| | |
|---|---|
| 1. | Улици во Злетово |
| 2. | Ратавица |

## Распоред за собирање на смет- **МИТСУБИШИ 5,5 м3**

**ПОНЕДЕЛНИК**

| | |
|---|---|
| **1.** | Н. Пробиштип + улички кај игралиштето |
| **2.** | Контејнери во селото Пробиштип -дел |
| **3.** | Контејнери Секундарен плоштад |
| **4.** | Ул. Планинска |
| **5.** | Ул.Илинденска (само стар дел) |

**ВТОРНИК**

| | |
|---|---|
| **1.** | Шилек |
| **2.** | Ул. Добревска |
| **3.** | Ул. Древенска |
| **4.** | Сите споредни улици лево и десно од Здравен Дом по ул.Јаким Стојковски до Тера маркет во калниште |

**СРЕДА**

| | |
|---|---|
| **1.** | Ул. Рударска |
| **2.** | Ул. ХТ Карпош |
| **3.** | Ул. Виничка |
| **4.** | Сите споредни улици од улица Т. Александров до ОУ Никола Карев + Градинка во новото школо |
| **5.** | Калниште ( улици кај отпадот) |

**ЧЕТВРТОК**

| | |
|---|---|
| **1.** | Калниште – камењар (без ул.М.Револуционери од Поп мече до фабрика) |
| **2.** | Контејнери Секундарен Плоштад |

**ПЕТОК**

| | |
|---|---|
| **1.** | Контејнери Старо калниште |
| **2.** | Контејнери секундарен плоштад |
| **3.** | Конфекција Линеа |
| **4.** | Конфекција ДАМА ТЕКС |
| **5.** | КОнфекција ДЕЛТА ТЕКС |

## Распоред за собирање на смет- **ИВЕКО- 10 м3**

**ПОНЕДЕЛНИК**

| | |
|---|---|
| **1.** | Ул. Илинденска ( без Стара Илинденска) |
| **2.** | Ул. Браќа Миладиновци |
| **3.** | Ул. Партизанска |
| **4.** | Ул. Јордан Стојанов |
| **5.** | Ул.Славко Баев |
| **6.** | Ул.Никола карев и ул. 8-ми Септември ( круг ) |
| **7.** | Ул.Миро барага (пола улица) |

**ВТОРНИК**

| | |
|---|---|
| **2.** | Ул Доне Божинов |
| **3.** | Ул. Кочо Рацин (од Добревски пат до ул. Јаким Стојковски) |
| **4.** | Ул.Нада Михајлова (од лиса гара до здравен дом) |

**СРЕДА**

| | |
|---|---|
| **1.** | Ул. Плавица |
| **2.** | Ул. 3-ти Април |
| **3.** | Ул. 28-ми Август |
| **4.** | Ул. 9-ти Мај |
| **5.** | Ул  Јане Сандански |
| **6.** | **с.Плешенци и с. Долни Стубол** |

**ЧЕТВРТОК**

| | |
|---|---|
| **1.** | Злетово  главна улица |
| **2.** | од Градски Гробишта до фабрика Таб Мак |
| **3.** | **с. Турско Рудари** |

**ПЕТОК**

| | |
|---|---|
| **1.** | Конфекција Алекс |
| **2.** | Конфекција Детекс |
| **3.** | Конфекција Мега текс |
| **4.** | **с. Неокази, с. Трипатанци, с. Бучиште и с. Пишица** |

## Распоред за собирање на смет- **IVECO 22 $m^3$**

**ПОНЕДЕЛНИК**

| | |
|---|---|
| **1.** | Контејнери во градот и дел од контејнери во с.Пробиштип и во старо Калниште |
| **2.** | Конфекција Панови |
| **3.** | Ул.Миро Барага (пола улица) |

**ВТОРНИК**

| | |
|---|---|
| **1.** | Контејнери во градот и дел контејнери во с.Пробиштип и во старо Калниште. |
| **2.** | Контејнери во Таб-Мак и Кранфилд |

**СРЕДА**

| | |
|---|---|
| **1.** | Контејнери во градот и дел од контејнери во с.Пробиштип и во старо Калниште |
| **2.** | Контејнери кај АКВА ПАРК |
| **3.** | Контејнери ПЕЧУРКАРА |
| **4.** | Контејнери МЕСАРА НЕШО |

**ЧЕТВРТОК**

| | |
|---|---|
| **1.** | Контејнери во градот и дел контејнери во с.Пробиштип и во старо Калниште |
| **2.** | Контејнери Кранфилд |

**ПЕТОК**

| | |
|---|---|
| **1.** | Контејнери во градот и дел од  контејнери во с.Пробиштип и во старо Калниште |
| **2.** | Контејнери во Таб-Мак |

ТАБЕЛА ЗА ФИЗИЧКИ ОБЕМ -ПРОБИШТИП

| **корисници** | | **Површина за 2023 година m²** |
|---|---|---|
| **Домакинства** | до 50 m² | 1 750 000 |
| | над 50 m² | 1 260 000 |
| | дворни места | 6 500 000 |
| **Правни субјекти** | до20 m² | 65 000 |
| | над 20 m² | 635 000 |
| | дворни места | 840 000 |

ТАБЕЛА ЗА ФИЗИЧКИ ОБЕМ –ЗЛЕТОВО

| **корисници** | | **Површина за 2023 година m²** |
|---|---|---|
| **Домакинства** | до 50 m² | 365 000 |
| | над 50 m² | 258 000 |
| | дворни места | 1 200 000 |
| **Правни субјекти** | до20 m² | 7 000 |
| | над 20 m² | 42 000 |
| | дворни места | 4 000 |

Јавното комунално претпријатие Никола Карев Пробиштип го задржува правото да го менува распоредот за изнесување на смет согласно условите на теренот, особено во зимскиот период од годината.

## 1.6 Одделение за јавна хигиена, паркови и зеленило.

- Одржувањето на хигиената на јавните сообраќајни површини се врши согласно **Програмата за одржување на хигиената на јавните сообраќајни површини и расчистување на јавни површини од снег и мраз во зимски услови во општина Пробиштип за 2023 год.** бр.26-1072/20 од 24.11.2022 год. усвоена на Совет на Општина Пробиштип и со неа се опфаќа :

1.1. Редовно чистење (метење и собирање на отпад) на јавните сообраќајни површини и затворени простории на јавни објекти, како и одржување и расчистување на јавни површини од снег и мраз во зимски услови.

1.2. Чистење на атмосферски канали и шахти (решетки).

Чистењето на атмосферските канали и шахти ќе се врши по налог од Општината и по претходно склучен договор за извршување на работите.

Јавните површини во зависност од нивната оптовареност и нивната местоположба се поделени во две категории поради поефикасно чистење:

- **Прва категорија - централно градско подрачје -** Метење на ЈСП пет и шест пати во неделата
- **Втора категорија - прва, втора и трета зона -** Метење на ЈСП еднаш во неделата и метење на ЈСП еднаш месечно

Динамиката и на вршењето на активностите е согласно Програмата за одржување на хигиената на јавните сообраќајни површини.

Перење на улиците со цистерна за вода од 3 м³ и трактор Mahindra 6030.

Програмата за метење на ЈСП ќе ја спроведува службата за Комунална хигиена при ЈКП “Никола Карев” Пробиштип., а финансирана од Општина Пробиштип.

- Рачно метење н а ЈСП ...0.45 денари/м²
- Метење на ЈСП со специјално возило за метење ...0.35 денари/м²
- Чистење на атмосферски канали и улични сливни решетки ...150 денари/час
- Општ работник ...100 денари/час
- Кастрење и утовар на вегетација ...150 денари/час
- Користење на трактор за фрлање на сол и песок по улици во случај на снег и мраз и други потреби ...900 денари/час
- Чистење на тротоарите од снег со машина за чистење на снег. ... 0.35 денари/м²
- За поефикасно зимско одржување планирано е и набавка на нова опрема за трактор Mahindra 6030.

**Вкупен буџет за 2023 год. = 2 076 188 ден+ ДДВ = 2 180 000 ден.**

➢ Одржувањето на зелените површини се врши согласно **Програмата за одржување на јавно зелени површини и озеленување на нови површини за 2023 год.** бр.26-1072/21 од 24.11.2022 год. усвоена на Совет на Општина Пробиштип и со неа се опфаќа :



- Површините на јавно зелените површини, површини со сеење на трева и уредување со украсни дрвја и цвеќе и останата хортикултура, надоместоците за вршење на хортикултурни услуги потребен алат и репроматеријал за спроведување на програмата.

Работите за одржување на јавните зелени површини ќе се извршуваат спрема оперативниот план разработен по месеци за тековната година спрема слични стандарди за одржување.

- рачно чистење на јавни зелени површини се извршуваат секојдневно на сите површини во центарот на градот;
- двапати неделно (по потреба и почесто) ќе се чистат и останатите јавни зелени површини;
- собирање на лисја .

- одржување и нега на тревниците започнува со почетокот на вегетацијата (март) и завршува континуирано до септември;
- одржување и нега на дрвјата во парковите и дрвореди се одвива континуирано во текот на целата година( кастрење, кроење и сл.);
- прихранување со арско ѓубре најмалку еднаш годишно (март);
- садење на дрвја се врши во период на мирување на вегетацијата;
- одржување на украсни грмушки и жбунови се врши континуирано, во фаза на вегетацијата се врши плевење, окопување, кастрење и сл.;
- садење  на сезонско цвеќе се врши еден пат годишно, едногодишни врсти во месец април, мај, јуни ;
- одржување и нега на сезонски и трајни жардинерии се врши континуирано што подразбира плевење, окопување, полевање и сл.;
- косење и уништување на коров и плевел на неуредени површини се спроведува во текот на целата вегетација;
- сечење на стари дрвја;
- поплочени површини во паркови и детски игралишта .

Покрај овие хортикултурни активности ќе има и одредени градежни зафати за подобро урбанизирање на одредени локации:

- изработка на нови клупи за седење и  поставување на корпи за отпад;
- поправка на стари клупи и корпи за отпад;
- поправка на срушени делови на старите патеки за шетање во парковите;

Во склоп на сите активности кои секојдневно ќе ги извршуваат вработените во оваа дејност за потребите за одржување на цветните леи во паркот и др. цветни површини во градот располгаме со сопствен расадник за цвеќе кој е сместен во кругот на ЈКП “Никола Карев” Пробиштип.

- Надоместоците за вршење на хортикултурни услуги. ... 2 796 000 ден.

+ ДДВ

______________________________

**Вкупно 3 300 00 денари**

## 2. СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ

- **Пазар**

Согласно правилникот за пазарен ред бр.01-473/1 се уредени начинот и условите за работа на пазар во Пробиштип, се до донесувањето на нов правилник врз основа на член 13 од Законот за трговија Сл.весник на ПМ бр.16/2004 усогласена е дејноста на пазарите во Пробиштип и Злетово.

Со одлука бр.07-1154/10 од 19.09.2013 год. Советот на Општина Пробиштип за вршење на продажба на производи(зелен пазара) ја одреди ЈПП и тоа :

1. КП бр.1018/96 со површина од 2247.7 м²- Ул Миро Барага –Пазар Пробиштип.
2. КП бр.471/1 (јавна површина) пазар –Злетово.

### а) пазар-Пробиштип

Градскиот пазар во Пробиштип располага со **98 продажни тезги за зелен пазар** и **35 продажни места за текстил и останата стока**. За 2023 год. од наплатена пазаришна такса во градскиот пазар Пробиштип се планира приход од ... 1 300 000 ден.

Согласно Програмата на општина Пробиштип планирано е поставување на заштитни подвижни панели на северната страна на пазарот во зимски услови.



### б) пазар-Злетово

Пазарот во Злетово располага со **32 тезги** и **15 продажни места** и за 2023 год. се планира приход од ... 70 000 ден.

Во 2023 год. планираме обнова на тезгите на пазарот во Злетово.

Планираните активности во овој сектор, во делот на **финансиите, сметководството и наплата**, ќе се одвиваат во насока на продолжување на редовното работење согласно финансискиот план, примена на законските прописи во делот на сметководствените стандарди и политики, подобрување на ефикасноста во наплатата на побарувањата, особено со воведувањето на електронска наплата на побарувањата.

Активностите во однос на **правните работи и управувањето со човечките ресурси** ќе бидат насочени кон продолжување на континуитетот на заштита на побарувањата преку редовно изготвување и поднесување на тужби, во координација со останатите работни единици, поднесување на барања за извршување на веќе правосилните решенија, за кои должниците немаат пристапено кон исплата на долот за кој се задолжени со истите,

застапување на претпријатието пред надлежните судови и органи, склучување на договори, усогласување на работењето со измените во позитивните прописи.

Во делот на управувањето со човечките ресурси се планира спроведување на соодветни обуки, советувања, итн, на разните категории на вработени, како би се подобриле работните вештини и знаења на вработените, а сето тоа во насока на поквалитетни услуги на корисниците.

| | |
|---|---|
| Изготвил: | Директор: |
| Иле Серафимов | Драганчо Ристовски |

Декември 2022